Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

-Сектор за социјална заштита- - Sektori i mbrojtjes sociale -

**Архивски број:10-**2930/1
**Датум:**
02-04- 2025

Предмет: Барање за доставување на понуда

Почитувани,

За потребите на Проектот „Развој на политики во областа на социјалната заштита, азил и интеграција и вклучување на бегалци и странци„ со број PFA-MKD-24081-10742-00/24081Y25M010742 спроведуван во соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и Високиот комесаријат за бегалците (УНХЦР), потребно е да се ангажира експерт за:

- Анализа на правната рамка како поддршка за воспоставување на системот за интеграција и инклузија на бегалци и странци во Република Северна Македонија.

За таа цел би сакале да ве замолиме да ни доставите понуда за набавка на услугата специфицирани во Прилог 1 – Опис на задача.

Доставената понуда треба да содржат три дела и тоа:

1. Техничка понуда
2. Финансиска понуда
3. Доказ за исполнетоста на условите (барани документи )

Понудите се доставуваат до архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, ул. Даме Груев бр.14 најдоцна до 30.04.2025 година до 14 часот, во затворено плико со назнака – **Анализа на законодавна рамка за интеграција на бегалци и странци -НЕ ОТВАРАЈ, лице за контакт Аднан Имишти.**

Понудите пристигнати по изминувањето на овој рок нема да бидат разгледани.

Ве молиме користете го Образецот за доставување на понуда во прилог на ова барање - Прилог 2.

Вашата понуда треба да биде непроменета до 31.12.2025 година.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Експерт се очекува да ја спроведе анализа во период од 3 месеци од склучување на договорот за давање на оваа услуга.

Изборот на најсоодветниот понудувач ќе биде извршен врз основа на анализа на трите дела на понудата при што оценката ќе се врши врз основа на следното бодување во рамките на максимум од 100 поени:

- **за техничката понуда и доказите (точки 1 и 3) за исполнетост на условите максимално 60 поени и тоа:**

- Доказ за стекнато академско ниво
- Биографија на претходен професионален ангажман (ЦВ)
- Листа на претходни анализи и продукти поврзани со тема (максимално 20 поени – до 2 изработени документи 10 поени, над 2 изработени документи 20 поени)
- Листа на ангажмани кои се однесуваат на директен ангажман во работа со целната група (максимално 20 поени – до 2 ангажмани 5 поени, над 2 ангажмани 20 поени)
- Писма за препорака поврзано со исполнување на критериуми на овој оглас издадено од претходни работодавачи. (10 поени)
- Предлог методологија со содржина на документи (10 поени)

- **за финансиската понуда (точка 2) максимално 40 поени.**

Бројот на бодови = најниска понудена цена X 40 (максимален број на бодови)/ понудена цена Понудите кои што нема да бидат комплетни нема да бидат разгледувани.

Со цел олеснување на процесот на евалуација ве молиме користете го формуларот доставен во прилог.

Начинот на плаќање е во рок од 30 дена од денот на извршување на услугата.

Проектот од кој ќе се финансира овој договор е ослободен од плаќање на ДДВ. Начинот на плаќање на ДДВ ќе биде согласно со член 5 став 1 и 2 од „Упатство за начинот на спроведување на ослободувањето од царина и други давачки, акциза и данок на додадена вредност (ДДВ) при увоз на добра-стоки за обезбедување средства за плаќање на акциза и ДДВ за прометот на добра и услуги во земјата, потребни за


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

реализирање на проекти финансирани со парични неповратни средства од странски донатори“ на Министерството за финансии бр. 08-17077/1 од 07.08.2003 год.

Ве известуваме дека министерството не е обврзано да направи избор на било која понуда.

Доколку имате било какви прашања во врска со составувањето на понудите слободно обратете се до: Аднан Имишти Е-маил. AImishti@mtsp.gov.mk

Ви благодариме однапред.

Со почит,

Прилог:
-Спецификација
-Образец за понуда

МИНИСТЕР
Fatmir Limani

Подготвил: Adnan Imishti
Контролирал: Дејан Ивковски
Одобрил: Drita Asllani
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk